Врз основа на членот 31 став (1) и членот 111 од Изборниот законик ( " Службен весник на Република Македонија бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/2014 год. " ) и член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, Државната изборна комисија на 93 – та Седница одржана на 09.04.2014 година, со мнозинство гласови, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**во врска со поднесените барања за гласање на болни и немоќни лица**

1.Државната изборна комисија ги разгледа доставените барања добиени од Општинските изборни комисии за гласање на болни и немоќни лица за Претседателските избори на 2014 година и констатира:

- во дел од доставените барања од Општинските изборни комисии за гласање на болни и немоќни лица постои недоследност во примена на точката 2 од Упатството на Државната изборна комисија за примена на член 111 од Изборниот законик за гласање на болни и немоќни лица ( недостасува медицинска документација );
- имајќи ја предвид ваквата состојба укажуваме дека Општинските изборни комисии треба да извршат дополнителна проверка на веќе одобрените барања за гласање на болни и немоќни лица и доколку не соодејствуваат со точката 2 од Упатството на Државната изборна комисија истите да ги отповикаат, а за другите барања што се уште не се разгледани да одлучат согласно Упатството на Државната изборна комисија за примена на член 111 од Изборниот законик за гласање на болни и немоќни лица.

2. Државната изборна комисија укажува дека Општинските изборни комисии треба стриктно да се придржуваат на Упатството на Државната изборна комисија за примена на член 111 од Изборниот законик за гласање на болни и немоќни лица заради избегнување на евентуални последици од преземање на соодветни мерки согласно законските прописи.

3. Добиените материјали веднаш да се вратат на Општинските изборни комисии по пат на брза пошта.

Број 07-1456/1
08.04. 2014 година

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

Изготвил:З.Петровиќ
Одобрил:Б.Стојановска